СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Четвртото продолжение на Дваесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 21 ноември 1995 година

Скопје, ноември 1995 година

**IV ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 29-ТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА,ОДРЖАНА НА 21.XI.1995 ГОДИНА**

Пратенички прашања

1. АЛИУ ЕШТЕРЕФ – 2
2. АБДИ ФАИК - 3, 52, 55
3. АНГЕЛОВ ИВАН -18, 23, 25
4. АНДОВ СТОЈАН - 42
5. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД - 43
6. АРСОВСКИ БРАНКО - 58
7. БУЗЛЕВСКИ ДИМИТАР - 26
8. БОЈКОВ ИВАН - 28
9. ВИДИМЧЕ КИРЕ - 47
10. ДАВЧЕВ САНДЕ - 2
11. ИВАНОВ РИСТО -17,21,52
12. КАРОВ ИЛИЈА - 22, 25
13. КАДРИУ ЗЕКИР - 56
14. ЛАЗАРОВ ЈОВАН - 16, 18
15. ЛАЗАРЕВСКИ МИРКО - 33
16. МИЉОВСКИ ЈАНЕ - 36
17. ОСМАНИ РУФИ -34, 37, 38, 39
18. ПАУНОВ ТОДОСИЕ – 19, 20
19. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ -13
20. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР - 50
21. ТАНТАРОВ ВЕЉО - 6, 10, 11
22. ТРАЈКОВ РИСТО - 12
23. ТРИПУНОВСКИ МИРКО -14, 15
24. ФИЛИПЧЕ ИЛИЈА - 29, 34
25. ХАРУНИ СЕЈФЕДИН - 46
26. ЧАПОВ СЛАВЧО -25, 28
27. ЧАДИКОВСКИ ЉУБОМИР - 32
28. ШАПУРИЌ ЗОРАН – 6
29. ШУНДОВСКИ ЈОРГО - 27, 28, 57
30. ШАКИРИ ХИСНИ -50

седницата продолжува

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Четвртото продолжение на Дваесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 21 ноември 1995 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието, сала I во 12,15 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Присутни пратеници во салата се 63 и можеме да продолжиме со работа со Дваесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Димитрија Поповски, Јане Ангеловски, Мирко Иванов, Љупчо Поповски, Ристо Марковски, Марјан Начевски, Лазар Димов, Атанас Вангелов, Николина Трајановска, Владимир Соколовски, Тито Петковски, Димитар Вревезовски, Благоја Силјановски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и Собранието може полноважно да одлучува.

На последното продолжение на оваа седница ве известив дека Владата на РМ достави одговори на пратеничките прашања на пратениците Здравко Стојковски, Бранко Арсовски, Санде Давче, Зоран Шапуриќ, Газменд Ајдарага, Ванчо Чифлиганец, Мирко Трипуновски, Томислав Стојановски, Драган Митевски, Илија Гоцевски, Ристо Трајков, Јован Лазаров, Ферид Мусовски, Панчо Минов, Димитар Трпеновски, Фаик Абди, Назми Малиќи, Вељо Тантаров, Ване Наумовски, Хисен

I/2 ПЈ/ЛБ

Рамадани, Славко Котевски, Илија Каров, Благој Стефановски, Џеладин Мурати, Кире Видимче и Борис Павлов.

Во меѓувреме Владата на РМ достави одговори на пратеничките прашања на пратениците Нано Ружин, Слободан Даневски, Димитар Трпеновски, Славчо Чапов, Звонко Каров, Димче Настевски, Руфи Османи, Слобода Најдовски и Ферид Мусовски кои ви се поделени.

Пратеникот Санде Давчев постави дополнително прашање, Бидејќи немаше претставник од Владата, го молам пратеникот Санде Давчев повторно да го постави дополнителното прашање.

**САНДЕ ДАВЧЕВ:**

Почитувани пратеници, не сум задоволен од одговорот кој го добив од Министерството за култура, бидејќи јас прашав дали Министерството за култура има правилник и критериуми врз основа на кои се доделуваат средства на корисниците и кои се тие критериуми.

Исто така, барам да ми се одговори која манифестација со колку средства е поддржувана. Таков одговор не добив, Затоа, барам конкретен одговор на овие две прашања.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали министерот за култура ќе одговори на прашањето?

Г-дин Алиу.

**ЕШТРЕФ АЛИУ:**

На поставеното прашање од страна на пратеникот, навистина, одговорот е таков како што го најави и чина очекувам со право да биде незадоволен. Излегов тука да ви кажам за да знаете , дека јас напамет не ги знам и не чувствувам потреба да ги знам за да можам тука да дадам усмен одговор. Меѓутоа, чинам дека претпоставеното прашање бара еден комплетен извештај , до колку тоа навистина му е потребно е на пратеникот, тоа и ќе биде доставено. Министерството во прва фаза го даде одговорот онака како што таа сметаше дека треба да се даде.

Дополнително ќе се обидеме тоа барање да го задоволиме и во рамките со информации за кои ние сметаме дека треба да бидат до крај доставени и на увид.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали пратениците што ги поставија прашањата на кои добија одговори во врска со истите имаат дополнителни прашања. Мора да се јавуваат само оние кои што ги прочитав.

За збор се јави г-дин Фаик Абди:

**ФАИК АБДИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници и господа министри. Од повеќето прашања што ги поставив пред овој Парламент, пред Владата добив еден одговор после икс денови, кои се однесуваат на едно прашање кое што е многу интересно за нас за држава и како Собрание, како Влада, околу населбата Шуто Оризари, околу реинтеграцијата на ромите, околу добиените средства од Северна Рајна Весвалија, околу потрошокот на тие средства и околу она што овде се кажува за што се се потрошени парите и што е направено.

Мене ми е многу жал што, да кажеме, овие четири или пет години се знаеме со г-динот Шундовски и не гледам никаква вина кај него како што му кажаа, така е овде напишано, некој го напишал ова. Меѓутоа, фактичката положба е сосема поинаква, сосема подруга, заради тоа што јас сум еден од првите кои што ја изградивме таа населба. Овде што се зборува дека од овие средства се изградени инфраструктурни објекти, тоа значи , патчиња, улици, канализација, водовод, струја и н. тоа е направено во времето од 1966 до 1967 година, само можам да се пофалам на наша иницијатива, на расправии со партијата ВМРО-ДПМНЕ, затоа што Општина Чаир потпаѓаше под нив и градот Скопје на еден наш бурен состанок дојдовме до заклучок од инат дека една улица

која што беше крш и лом од кај мостот кога се оди накај Шуто Оризари до првото училиште тоа да се направи. Тоа е одводнато, подигнато и направено со голем квалитет. Се друго е крш и 'лом, се е заникаде. Впрочем заедно со г-динот Шундовски бевме еднаш таму, видовме што е, а тоа значи не би требало вакви извештаи да кружат кај вас пратениците, да се мисли дека луѓето добро живеат, се е направено се е убаво итн. Впрочем, кажано ни е дека најмалку 200 илјади марки лежат во касата на градското собрание на градот Скопје кај господинот Љупчо Николовски, меѓутоа, никако да знаеме каде ќе се потрошат тие средства или дали се потрошени тие средства. Така што, сакам да кажам дека најмалку 75% од се ова што пишува овде не одговара на вистината. Јас жалам што вака морам да се изразам, меѓутоа фактичката положба ме тера тоа да биде така. На пример, ако овде се вели прва фаза Објектите од примарната инфраструктура беа комплетно изградени од страна на Владата на РМ уште пред започнувањето на Програмата за интеграција, во 1966 и 1967 не се зборуваше за интеграција, ниту за интеграција, ниту за ѓаволи, ниту за врагови. Тука спаѓа улица, главната канализациона мрежа, главна водоводна и главна електромрежа. Прт мрежа,. детска градинка, училиште и амбуланта, За срамота, Ова не е така.

Оваа другава фаза што е од Треска, од Факом и тн. тоа е апсолутно точно. Понатаму, трета фаза за изградба на објекти од секундарна инфраструктура се изврши дополнување на спогодбата со тоа што Владата на РМ успеа да обезбеди средства во износ од 20% од средствата предвидени за изградба на индивидуалните објекти . Многу чуда работа. Сакам да кажам дека се е измешано, дека има многу неточно и измешани работи . Јас би барал од Министерството, заради тоа што кога дојде г-динот Раул,и претседател на Северна Рајна Весвалија, тој беше гостин, тука беа присутни, министерот Јане Миљоски, коко министер без портфељ и уште други двајца министри и

кога јас односно кога се очитуваа пред него што се е направено и помеѓу другото кога кажаа дека има и основно училиште, детска градинка и не знам што, јас на македонски јазик му се обратив на господинот Шумковски и му реков зошто кажуваш невистини. А г.динот Јане Миљовски ја триеше брадата и велеше да не кукаме сега. Е, да не кукаме сега, ајде сега да кукаме, каде се парите и што се е направено и ако има нешто дајте да се помогне на тој народ, на таа населба, затоа што тоа е гето, тоа е така осудено на пропаст и нема еманципација, нема култура. Правиме големи напори, но постигнуваме многу малку. Ако сакаме тие луѓе да ги оставиме така како што се, ние ги осудуваме и подобро да ги пренесеме некаде во Јужноафричка унија, или не знам каде, па нема пред кого да се бунат. Меѓутоа, јас мислам дека граѓаните на Р М имаат подеднакво право на живот . Имаат изворни права, штом се родил има право да дише воздух, и воздух како и вашите деца, а тоа значи да му се создадат одредени услови во рамките на можностите на државата за живеење. И сега што и други ни помагаат ни даваат средства, меѓутоа средствата не се во доволна мера употребени таму каде што треба. Ова овде се однесува на општо, отпочнување на 1993 година па наваму . Не, од почнувањето на проста интеграција и добиено пари од Северна Рајна Весвалија. Оттогаш наваму треба да посматра тој период. Јас мислам г-динот Шундовски го изиграа малку неговите таму и да ги земе на одговорност.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави г-дин Шапуриќ.

Само ве молам внимавајте ако не сте задоволни од одговорот поставите дополнително прашање и кратко образложение за да не навлегуваме во расправа, затоа што за тоа е посебна постапката.

**ЗОРАН ШАПУРИК**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани министри, на една од минатите седници поставив прашање до министерот за урбанизам, градежништво и екологија во врска со начинот на издавање на употребните дозволи. Со одговорот сум делумно задоволен. Имено, во одговорот на пет страници во еден пасос се укажува дека Министерството во случај кога граѓанинот односно правното лице врши иста или слична дејност, во тој случај не е должен да ја прибавува потребната дозвола, односно дека е должен само да ги прибави согласностите, кои се неопходни за извршената промена на дејноста.

Оттаму дополнителното прашање на министерот за урбанизам како и за другите надлежни министерства, тоа се труд, социјала, стопанство, и здравство, кои се надлежни за издавање на дозволи за таканаречени ХТП согласност, дали ова во пракса се спроведува и дали во сите подрачни единици во општините не е потребно издавање на потребната дозвола кога граѓанинот врши иста или слична дејност, односно кога една иста дејност продолжува друг граѓанин да ја врши во ист објект. Барам писмен одговор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, пратеникот бара писмен одговор.

За збор се јави г-динот Тантаров.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, на седниците на Собранието на РМ што се одржаа пред жетвата , поставив повеќе прашања што се однесува на тоа колку пченица годинава се увезени во нашава држава, кои ги увезе тие количества на пченица и дали се платени давачи на таа пченица и каде се трошени тие пари?

Потоа, прашав за најавата на водостопанските претпријатија, за присилна наплата на давачките за одводнување и наводнување и

прашав што ќе стори Владата за да не дојде до овие немили сцени низ нашиве села. На крајот прашав какви мерки ќе преземе .нашата Влада по укинувањето на некои одредби од законот за заштита и искористување на земјоделското земјиште од страна на Уставниот суд на Македонија, со кој што и тогаш реков, и сега ќе речам дека на некој начин повторно се врши конолизација во нашава држава, или пак се менува етничкиот состав на некои реони на државата. Од овие одговори не сум задоволен што ги подготви Владата и сметам за едно кратко образложение дека нашиве министри ќе можат да извлечат некогаш прашања, за кои што мислам дека во нареднава седница ќе има некои одговори.

На прашањето кој, колку пченица има увезено годинава и дали ги платил давачките нашата Влада одговори дека годинава ни кажуваат дека имаме заштитна цена на пченицата, таа изнесува 10 денари. Од тоа, кажува дека се очекува пазарен вишок од толку тони пченица дека сместувањето е решено , дека откупот е решен . На крајот она што јас барав да каже колку пченица е увезено, кој ја увезе таа пченица, со неколку збора вели дека има извршено и незнатни коли- чини на увоз на пченица Меѓутоа, сметам дека овие таканаречени незнатни количини на пченица, мора да се кажат колку се тие пченица. Дали станува збор за 100 зрна, 100 вреќи, 100 тони еден вагон или 10 илјади вагони пченици. Зошто упорно се кријат овие податоци. Зошто не се кажува дружината што увезува пченица и го растура нашиов аграр. Кој стои зад неа? Владата или мениците што ги даваат дозволите за увоз на пченица. Зошто се беа од запознавање на јавноста со увозот на пченица во оваа година, како што ѓаволот беа од крстот. Кои се причините за тоа.

Господо пратеници, увозот на фамозните незнатни количини на пченица што е извршен кога домашната жетва ни донесе околу 40 илјади вагони пченица и е доволна количина на пченица за една цела година, односно до новата жетва и за леб до новата жетва на нашиов аграр му донесе големи неприлики. Го спречи извршувањето на претсојнава битка за храна, и што е најважно, она што во одговорот се тврди дека пченицата е увезена за да се изврши пондерирање на цената на домашната пченица за нашата сиромаштија, наводно да јаде, евтин леб,. тоа е една голема лага. Јас би рекол дека увозот на пченица не е да се оштети нашиот сиромашен народ со евтин леб, туку е еден начин да се дојде лесно до огромно богатење. Како и на кој начин народот знае и сметам дека за тоа знаат и нашите министри и очекувам за нареднава седница или денес да се каже овој срамен податок за нашиов аграр.

Инаку, овај одговор што е даден денес на ова прашање со доцнење од скоро 5 месеци е одговор она што вели народот "мижи Асан да ти бајам".

Натаму, прашав што станува односно до кога ќе плаќаат давачки за одводнување и наводнување што на нив им ги товареше стопан- ските претпријатија сели 25 години по старите закони. И со оглед на тоа што земјоделците не сакаат да ги плаќаат овие давачки, бидејќи сметаат дека се незаконски и не се во служба на нивното производство на храна одбиваат да ги платат, а овие претпријатија сега најавија дека давачките ќе ги извршуваат со помош на суд и полиција. Знаете како се врши таа работа. На ова прашање добив уште еден одговор. Владата вели дека начинот на плаќањето на водниот надоместок за одводнување и наводнување на земјоделското земјиште ќе се регулира во новиот закон за водите и до донесувањето на овој закон водостопанските организации и водокорисниците треба да се придружуваат кон одредбите на

постојните законски прописи.

Господо министри, со оглед на тоа што на ова прашање од говоривте како што одговоривте јас и моите бирачи, што четврт век плаќаат давачи за одводнување и наводнување не сме задоволни од овој одговор.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:(**Продолжение)

Прашањето ќе го дополнам со неколку потпрашања по кои сигурно денес или по некој месец ќе следува нов одговор, овој пат сигурно ќе биде задоволителен. Нашиве земјоделци од паѓањето на стариот систем до денес бараат давачките за одводнување и наводнување да бидат регулирани врз основа на принципите на системот што сега го градиме, врз основа на законите на пазарното стопанство, а не јал не јал три ипол.

Оваа мерка е стара мерка за селските давачки, новата мерка треба и мора да мери според Законот на пазарот кој вели, кој колку ќе јаде толку ќе плати. Тоа значи дека, давачките за одводнување ќе плати тој што користи одводнување, тој што користи агромелиорации итн, а давачка за наводнување ќе плати тој што користи наводнување, а не оној што никогаш не може да дојде до таа вода заради некои технички пропусти на самите водостопански објекти.

Господа министри, велите дека основни приходи на водо-тоапнското претпријатие се приходите кои што се остваруваат

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ама, видите, сакам да ви кажам, вие треба да поставите прашање.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Образложението е прашање, господине.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, не, не, прашање е прашање, а ние не можеме да знаеме дали вие воопшто имате прашање, вие учествувате во расправа, а тоа не е, не е отворена расправата. Поставете дополнително прашање и објаснете зошто го поставувате. Тоа е постапката.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Според Законот за води давачките за одводнување и наводнување ги пропишува односно ги формира и утврдува СИЗ за водостопанство. Вие знаете госпoда министри дека во редовите на овој СИЗ по словото на законот аз води треба да има и мора да има претставници на земјоделците. Овој СИЗ за водостопанство Уставниот суд на Македонија го укина пред десет месеци. Како сега не терате да плаќаме давачки за одводнување и наводнување врз основа на закон односно членови од Законот кој што Уставниот суд на Македонија ги укина. Кој треба сега да ги почитува овие одредби на законот.

Сметам дека е доволно ова што го кажав во врска со укинувањето на овој СИЗ.

Понатаму, само да ве потсетам на прашањето што се однесуваше дали Владата има сознанија како тече купувањето и продажбата на земјоделско земјиште по укинувањето на некои одредби од Законот за заштита и користење на земјоделското земјиште од страна на Уставниот суд и се оставаат отворени вратите кој каде стигне да купува земја во нашава држава, чекав четири месеци одговор. И од овој одговор не сум задоволен ни јас ни моите бирачи и сега се случуваат чудни нешта со прометот на земјоделското земјиште. Се случува остварување на идеите за враќање на колонистите или менување на етничките состојби во некои реони за побрзо доаѓање до целта на тој што е земјата негова е државата.

На моето прашање како ќе се спречи слободниот пазар на земјата и не дозволи на пример, целите села и планина што со векови биле македонски да станат села со други вери и нации, Владата преку ресорното министерство даде одговор во кој се вели дека прометот со земјоделското земјиште е уреден со Законот за заштита и користење

II/3

Така беше додека Уставниот суд не ги укина и одредбите на овој закон. По укинувањето на одредбите на овој закон кој каде ќе стигне таму купува земја.

Сметам дека во нашата Влада има доволно правници што ќе можат во наредниот период кога се повикуваат на закони да видат што се Уставниот суд им прави на овие закони. Или пак, ако тоа не може да го стори Владата тогаш предлагам на сите земјоделци да им дадеме по еден Службен весник самите да ги следат овие состојби.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, тогаш службата ќе утврди кои беа дополнителни прашања и ќе ги достави до Владата бидејќи јас тешко можам да ги идентифицирам.

**ТРАЈКОВ РИСТО:**

Почитуван претседателе,почитувани пратеници, на 24-та седница постави пратеничко прашање дали ќе биде дозволен увоз на куртовска капија. На истата седница ми беше одговорено дека нема да биде дозволен. Во меѓувреме под притисок на земјоделските комбинати беше извршен притисок врз Стопанската комора и врз Министерството за земјоделие и за стопанство и се донесе одлука да се увезе куртовска капија. Куртовската капија и сега постои во полето и во гаражите на земјоделците. Бидејќи не сум задоволен од одговорот, сега поставувам дополнително прашање, зошто се подлегна под притисокот на галеничињата во ова општество, земјоделските комбинати и кланичните индустрии се галеници во ова општество. Кога им фалеше нешто барање до Влада и се добиваше, дали регреси, дали помош од ФАРЕ итн. и сега истите пак направија ваков притисок и се отиде до таму дури и го

повикуваа министерот да отиде во халите да види дека зјапаат празни, а не се прашуваат зошто зјапаат празни бидејќи ако сакаат суровини требаше пролетоска кога се врши сеидба да склучат договори со земјоделците односно со кооперантите за да имаат соодветно количество односно да имаат производство со рани производи.

Прашањето е, зошто се подлегна на барањето на кланичните индустрии, односно земјоделските комбинати, конзервата индустрија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали ќе следува сега одговор, или писмено ќе одговорите. Писмено ќе одговорите.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани министри, јас само ќе го прокоментирам прашањето и ќе укажам на неговата апсурдност....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, не, не може така, вие треба дополнително прашање да поставите. Дали сте задоволни и дополнително прашање. За тоа немаме отворено расправа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас коментирам прашањето беше поставено на 28.06. а одговорот го добив пред два-три дена, значи цели пет месеци. Прашањето беше поставено во однос на пресудата на убиецот Рушити Рушит што во меѓувреме пресудата е донесена е ние добиваме одговор на тоа прашање по цели пет месеци. Сакам, господин претседателе, да укажам од апсурдност и анахронизам на таква комуникација меѓу нас како пратеници и министри. Сметам дека или треба да имаме ефикасни одговори тука на седница или тие треба да бидат брзи, да не бидат депласирани. Тоа е мојот. коментар.,

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој од овие што имаат прашања и ,што добија одговори бара да постави дополнително прашање. (Не).

Тогаш минуваме на поставување на пратенички прашања.

Дали некој од пратениците сака да постави прашање?

Господин Трипуновски.

**МИРКО ТРИПУНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, почитувани министри, јас имам две прашања со неколку потпрашања.

Првото прашање е следното: Го поставувам прашањето за кое се заинтересирани околу 220 илјади пензионери и членови на нивните семејства во сегашниот тренд на постојан пад на животниот стандард.

Прво, дали надлежното Министерство за труд и социјална политика, Фондот за ПИО на Македонија и Владата на РМ имаат или пак утврдиле конкретни активности и мерки за исплата на останатите обврски према пензионерите во 1993 година, кога ќе започне и кога ќе заврши нивната исплата. Второто прашање во тој склоп е:

Дали за исплата на останатите обврски на пензионерите може да се наменат и дел од материјалните резерви на РМ во натура.

И, третото потпрашање во истиот склоп, постои ли можност овие обврски да се исплатат сукцесивно и во рати за неколку месеци соодветно објективните можности и обезбедувањето на потребните финансиски средства. Бидејќи голем број на колеги се јавуваат за прашања нема да дадам образложение а познато е што би било образложението.

Второто пратеничко прашање ми е следното: Немам ниту причини ниту намера да долеам уште оган на жарот и да. бидам уште еден учесник во конфликтот во Тетовското село Одри. Во тој интерес барам од Министерството за сообраќај и врски, од Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина и Републичкиот инспектор за патишта, а со цел надминуваше на овој спор одговор на следниве прашања:

Дали според член 18 од Законот за изградба на инвестициони објекти жителите на село Првце имаат одобрение за градење на патот село Одри, село Првце иако го имаат кој орган го донел.

Второ, дали предвидената градба е најоптимално решение и зошто не се користат досегашните пристапни патишта кои водат од селото Доброште кон село Првце и од црквата во село Одри кон село Првце.

И, последното прашање, зошто за градба на овој пат се користи нова траса на имот во владение на физички лица и шумски појас, па тука ќе го парафразирам член 30 од Уставот како составен дел за тоа прашање. Сопственичките односи според Уставот на Македонија член 30 став 2 и 3 создаваат права и обврски и треба да служат за добро на поединецот и на заедницата. Никому не можат да му бидат одземени или ограничени сопственоста и правото кои произлегуваат од неа освен кога се работи за јавен интерес утврден со закон.

Тоа беа прашањата. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали сакате сега одговор или писмено, да се изјасните.

**МИРКО ТРИПУНОВСКИ:**

Бидејќи прашањата се комплексни, второто прашање задира во имотно правни односи би било подобро да биде писмено.

Првото прашање во однос на исплатата на пензионерите, не го гледам министерот за труд и социјална политика, ако некој сака да го прокоментира, нека повели, ако не би било добро писмено да се одговори.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Писмено, добро.

Има збор господин Јован Лазаров.

**ЈОВАН ЛАЗАРОВ:**

Јас имам само едно прашање, се однесува на министерот за стопанство, а истото се однесува и на министерот за земјоделие. Иако мислам дека првиот министер е покомпетентен. Познато е дека бројот на заболените од канцерогени болести во Македонија е во покачување и е релативно голем. Исто така познато е дека една од причините за појава на оваа болест е содржината на пестициди во храната. Во земјите на Европската унија постојат ригорозни закони, стандарди и контроли за утврдување на содржината на пестициди на храната и пред таа да се најде на пазарот, подлежи на ригорозни контроли. Исто така, прашањето се однесува на употребата на хормонални препарати за добивање поголема тежина на добитокот или пак носивоста на кокошките кои негативно влијаат на растот на младите организми на децата. Прашањето е следното:

Што преземаат наведените министерства за контрола на содржината не пестициди и хормонални препарати во храната и тоа како од увозно така и од домашно потекло.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Иванов министер за стопанство.

II/8

**РИСТО ИВАНОВ:**

Само би сакал да нагласам на почетокот дека Собранието го донесе законот за стандардизација во кој што најголем дел од стандардите се за тоа колку би требало да се содржи од одредени пестициди во продуктите за прехрана, се преземени од поранешниот закон за стандардизација и тие продолжуваат да важат додека не се изменат. Затоа би предложил во овој дел конкретно какви се стандардите, да биде тој дел од одговорот во писмена форма.

Вториот дел на прашањето е контролата на квалитетот на земјоделските производи при увозот. Засега се подготвува законот нов закон за контрола за квалитет на земјоделски и прехранбени производ при увозот и овој дел има предвидено програма во делот на пазаришната инспекција и тоа донесување на Законот, и второ, комплетирање и опремување на инспектори за непосредна и директна контрола на основните стандарди е прехраната. Во тој дел има неколку извори предвидени на финансирање, еден дел е буџетски, една е помош од страна на Владата на Република Германија и еден дел е стручна помош за опремување на граничните инспектори.

Во овој момент со она што се располага при секоја контрола, мислам поголема контрола на земјоделските прехранбени производи неопходно е да се испратат до Завод и Институти и можат таа контрола да ја направат во ситуации кои кога органолептички или се има индикации дека може одредена стока е неквалитетна се испраќа на одредена контрола. Во последниот месец дена веќе на два производа кои што се употребуваат тоа е паштетата и еден дел кај брашното, направена е забрана од страна на пазаришната инспекција.

Другиот дел во кој се нормите за употребата на пестицидите на домашниот пазар, тој дел е во рамките на другото министерство.

**ИВАН АНГЕЛОВ:**

Прашањето е прилично комплексно и мислам низ постоечките закони кој што ги спомна министерот за стопанство, таму еден дел се регулираат.

Инаку,оној дел за примената на хормоните во исхраната на стоката и одредени последици, мислам дека и тука има соодветна регулатива и употребата на секој хормон има пропишано одредени упатства и се работи по тоа. Доколку се откријат некои такви несакани последици во продуктите, тука е Хигиенскиот завод кој исто така еден дел од производите ги контролира кои што имаат одредени рефлекси врз здравјето на луѓето, тоа оди преку тој завод и мислам дека во границите со она што ние располагаме со соодветната опрема, тоа засега се врши.

За ваша информација сега се припрема да се формираат така-наречени лаборатории, за кој што министерот нешто најави дека ќе има одредена помош од страна на Германија, а и одредени средства веројатно ќе одвоиме од буџетот за да можат тие репрезентативни лаборатории да се оформат и понатаму да се преземат истите стандарди за контрола на храната што ги има и во другите земји.

**ЈОВАН ЛАЗАРОВ:**

Јас сум само делумно задоволен од одговорите, а и самите одговори кажаа јасно дека домашното производство односно храната од домашно производство значи никако не се контролира. Тоа го кажа и министерот за стопанство, бидејќи рече дека е во другиот ресор. Суштината е следната јаболката или било кое овоштие, зеленчукот или било кој зеленчук од нивата доаѓа директно на пазарот, ние го консумираме, никој од нас не знае колку пестициди има во него и не постои никаква контрола за тоа.

Затоа ако може да ми се одговори писмено.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, писмено ќе му се одговори.

Има збор Тодосие Паунов.

**ТОДОСИЕ ПАУНОВ:**

Господин претседателе, дами и господа пратеници, јас би сакал само да поставам едно прашање, бидејќи доста пратеници се јавија да постават прашања, па да не одземам од времето, иако имав повеќе прашања да поставам.

Прашањето е малку поопширно, прашањето е следното:

До Владата на РМ, а прашањето гласи: Електростопанското претпријатие Дистрибуција Кочани бара на граѓаните да уплатат по 1000 ДМ односно противвредност во денари на илјада марки, 27 илјади денари за приклучување на енергија, струја во куќите, во изградените куќи, во становите, новоизградените станови што ги градеше "Бетон" Кочани како и противвредноста на германски марки изразени во денари од 20 илјади до 25 илјади да се уплати за приклучок на стопански објекти во малото стопанство.

**ТОДОСИЈА ПАУНОВ:** (продолжение)

Граѓаните при добивањето на одобрението за изградба уплатиле и за комуналните работи, изградени се куќите, изградени се становите, се бара за приклучок само што ќе се стави, жиците што ќе се спојат со бандерата треба службено лице за да се плати олкав износ, додека во другите градови како што слушаме во Скопје околу илјада денари се плаќа за тој приклучок, додека во Кочани 27 илјади. Се поставува прашање кој орган донел ваква одлука дополнително оданочување на граѓаните.

Колку јас знам, според Уставот на Република Македонија, Собранието може да донесе одлука за оданочување односно закон и Владата може со уредба, и граѓаните може да се самооданочуваат по пат на месен самопридонес. Друг не би можел да пропишува додатни давачки, додатни даноци.

Оттаму, се поставува прашањето за 1991 до 1995 година во Дистрибуцијата Кочани колку пари вкупно се собрани, каде се овие пари инвестирани, по кои програми се инвестирани, кој управувал со овие средства што се собрани - прво колкава е сумата, а потоа каде се потрошени тие средства. И тие средства, ако се потропени во инвестиции, во кои објекти и дали инвестицијата бидејќи веќе е од јавен интерес, дали има,лицитација по пат на прибирање на понуди или на некој друг начин што го предвидел законот за инвестиции се прибрани или некој ги трошел самоволно средствата и градел објекти, како што самиот одредувал или се потрошени некаде на друго место средствата.

Барам од Владата да даде одговор, заради тоа што 40 стана се изградени од "Бетон" во Кочани, станарите не можат да се вселат во становите заради неприклучена енергија во станот. Зимата дојде, а становите не можат да ги употребат, кои ги купиле лично граѓаните.

III/2.-

Исто така, се поставува прашање зошто во Кочани иницијативите за малото стопанство се намалуваат, токму и од овие давачки, што за граѓаните е прилично голем издаток од 20 до 25 илјади марки во денарска противвредност, да се упати на некоја организација каде што има струја, каде што објектот е до самото претпријатие односно во близина до другиот објект, каде не треба никаква инвестиција за приклучувањето.

Барам Владата да ми одговори во писмена форма бидејќи е прилично сложено и барам исклучиво да се провери, можеби на други места има, во Кочани да се провери.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Го слушнавте прашањето.

Има збор г-динот Ристо Иванов, ако има можност да одговори.

**РИСТО ИВАНОВ:**

Бидејќи еднаш беше поставено, меѓутоа генерално ова прашање, имаше писмен одговор од Министерството дека за наплата на трошоци за приклучок постои Правилник, донесен од орган на управување на Електростопанство. Јас не би навлегувал во тој дел. Само би рекол одлуката за стандардизирање според моќноста и оддалеченоста колку се тие трошоци ги донесува органот на управување т.е. Управниот одбор, а ги операционализира раководниот орган. На примено би требало да се сочека одговор кој донел таква одлука, врз основа на кој пропис и дали е тоа согласност со Законот, во конкретниот случај за Кочани. Меѓутоа, мислам дека при вакви работи можеби би било добро да се види оној што платил врз основа на што е создадена обврската за плаќање или е барано да се плати.

III/3.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ќе одговорите на тоа.

Има збор г-динот Илија Каров.

**ИЛИЈА КАРОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, за нелегалниот увоз на ориз во Република Македонија јас и не одамна поставив едно прашање, но за жал досега немам добиено одговор.

Случајно на почетокот на овој месец бев на граничниот премин Делчево и повторно забележав натоварени камиони со ориз кои понатаму од некои скопски фирми повторно се увезува во Република Македонија ориз, иако знаеме дека со контингентот до 1995 година не е предвид увоз на ориз во Република Македонија. Оваа појава ми даде повод истото прашање пвоторно да го поставам:

Дали Владата ќе преземе соодветни мерки за спречување на нелегалниот увоз на ориз во Република Македонија.

Би сакал да укажам на фактот дека истите фирми кои досега увезуваа ориз, сега на многу перфиден начин вршат притисок на ресорното министерство и на Стопанската комора да за да им се одобри увоз на семенски ориз, а потоа дел од истиот да биде излупен и да се продава како бел кочански ориз. Се разбира, увозниците на семенски ориз се ослободени од одредени царински давачки, па така двојно профити- раат, не ги плаќаат увозните давачки на државата, а оризот си го продаваат како кочански ориз без да биде облежен како увозен ориз.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Второто прашање го упатувам до Министерството за сообраќа; и врски. Во село Облешево Кочанско веќе цели 5 години со средства на месен самопридонес на селото е изградена и опремена пошта, која требаше да опслужува повеќе села во кочанско. Но за несреќа на овој измачен народ таа пошта се уште не е пуштена во работа.

Во разговор со директорот на поштата во Кочани ми беше одговорено дека се чека измирување на поштенските услуги на поштата

од телефонијата, па дури тогаш ќе одлучи што да се направи околу отворањето на оваа пошта. Јас и луѓето од овие села се сомневаме во одговорот на директорот на поштата од Кочани и затоа го поставувам ова прашање за да ја добиеме правата вистина за оваа пошта. Зошто се уште не се пушта во работа оваа изградена и новоопремена пошта на локација и средства обезбедени од жителите на село Облешево Жителите на село Облешево очекуваат дека ресорното министерство ќе го разреши овој проблем, а со тоа ќе се обезбедат услови за вработување најмалку барем на 2 лица од ова село, кои не така лесно партиципирале во изградбата на оваа пошта.

На крајот би сакал да повторам дека имам доставено исто едно прашање до Владата околу назначувањето на пазаришен и санитарен инспектор во Царинската испостава во Штип. Досега и на ова прашање немам добиено одговор, па би молел за одговор и на ова прашање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој ќе одговори?

Има збор г-динот Ангелов, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**ИВАН АНГЕЛОВ:**

Овде беа поставени две прашања и би се обидел да одговора по ред.

Првото прашање беше зошто се дозволува нелегален увоз на ориз. Мислам дека според сегашните прописи кои ние ги имаме точно се знае дека тоа е забрането и досега, колку што ми е мене познато ние немаме издадено такви дозволи, а оној нелегален увоз доколку го има иако се знае, а на тоа нас не обврзува и постојниот закон кој сега го донесовме за трговија, тоа да се пријави и точно да се каже за која организација се работи и соодветните институции ќе преземат соодветни мерки, а покомплетно мислам дека и Царината може да даде податоци, ако веќе

такво нешто е настанато. Инаку, тоа не е дозволено и досега нашето министерство, а мислам и Министерството за стопанство и другите министерства кои издаваат такви дозволи нема дадено таква дозвола,бидејќи и ние меѓу другото треба да дадеме таква согласност.

Што се однесува до второто прашање, увоз на семенски ориз, мислам дека тоа е јасно регулирано со сегашните прописи за увоз на семенска стока, точно се знае која е таа организација која што може да внесе ориз. Има прописи, оние кои се регистрирани за производство и промет на семе, дури таму има точно наведено за кои категории се работи, значи' тие организации се апсолутно овластени со постојниот закон и тие можат единствено да добијат ако за тоа се оцени потреба да се внесе семенски ориз. Но не може друг да внесе ориз, тоа во никој случај не може да се случи, јас си давам за право тоа да го кажам, а уште помалку добиената семенска стока понатаму да се лушти за други намени, затоа Што секоја семенска стока, за ваша информација да кажам бидејќи тоа е малку од струката, секое семе си има прописи се запрашува со одредени отрови, против некои патогени штетници што ги има и според тоа тоа е неупотребливо за исхрана, ниту може да се лупи ниту може да биде за други намени. Значи, внесената стока практично е наменска за семе.

Мислам дека ние ќе работиме по прописите, по постојниот закон, а наскоро се изготвува и новиот закон за семе, па ќе видиме, таму дири се предвидува да има уште построги мерки. Според тоа не треба да се грижиме, увоз на семенски ориз нема да се дозволи и до- колку тоа се дозволи, ќе се дозволи според потребите на институтот за ориз, ако тоа го побара. Морам да ви кажам дека ние имавме одре- дени разговори со нив, се оди на линија да се внесе некоја друга сорта која ќе овозможи повисоки приноси и подобар квалитет на нашето подрачје, но тоа ако оцени науката, отом потом, ние ќе донесеме и таква дозвола, да може да

се внесе таа со науката за потребите на македонското стопанство

**СТОЈАН АНДОВ:**

За останатите прашања пратеникот ќе добие писмен одговор

Има збор г-динот Каров по дадениот одговор.

**ИЛИЈА КАРОВ:**

Јас би сакал да укажам дека од одговорот на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство сум задоволен. Меѓутоа, само едно појаснување, увозот на семенски ориз воопшто и семенскиот ориз во Европа, па и во Република Македонија не се запрашува. Сите други семиња кои се користат како семенски материјал точно е тоа дека се узапрашуваат со одредени фунгициди, меѓутоа, оризот е исклучок и затоа тие увозници тоа добро го знаат и одат токму на таа карта, на таа нијанса, дека ќе внесат ориз под името семенски ориз кој е незапрашен, кој може понатаму да биде употребен за исхрана односно за лупење. Само со таа напомена.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Ангелов, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**ИВАН АНГЕЛОВ:**

Само за дополнување, најновите прописи кои ги пропишуваат ГАТ и останатите светски институции и културата ориз се запрашува со соодветни преперати според одредени болести кои ги има таа култура.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Чапов.

**СЛАВЧО ЧАПОВ:**

Почитуван претседател, почитувани министри, почитувани

Првото прашање е до Министерството за сообраќај и врски.

Имено, до кога транспортното претпријатие за превоз на патници "Пролетер" од Скопје ќе се однесува како монопол, до кога на автобуските станици во Скопје ќе се издаваат карти само за превозот на "Пролетер", кој ја определува цената на жетоните за влез на Автобуската станица во Скопје, дали овие финансиски средства се распределуваат и на кој начин и зошто во некои општини не пуштаат автобусите воопшто на автобуските станици.

Второ прашање: Зошто Македонската телевизија на албанската програма не врши превоз на македонски јазик, се однесува на информативната и друга програма, а додека од програмата на српски јазик, турски јазик се врши превод.

Трето прашање: Иако прашањето го поставив на поранешна седница, меѓутоа, одговорот се однесува за друго според моето барање. Се однесува на Министерството за урбанизам. Имено, кои лица од јавното претпријатие за продажба на деловен простор вршат процена на деловниот простор во општините и дали воопшто се врши процена според вредноста на објектот или според укажувањето на вработените во" општината.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Бузлевски, министер за сообраќај и врски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Подолго време односите меѓу сообраќајното претпријатие "Пролетер" и корисниците на услуги на објектот Автобуска станица во Скопје беа нарушени, што од своја страна предизвика одвивање на автобускиот сообраќај надвор од договорениот концепт кој требаше да се реализира од овие субјекти, а во рамките на нивната асоцијација

"Македонија-сообраќај". Актуелизирана е таа проблематика и последниве денови се одржани работни средби, на кои се лоцирани сите аспекти на овие проблеми, после кои работни средби е надминат проблемот како проблем, меѓутоа современо решение.

Ние како Министерство за сообраќај актуализиравме и таа наредниве денови како работна средба ќе се оствари во рамките на групацијата на транспортери во Стопанската комора, на која што групација ќе се елаборираат сите аспекти од оваа проблематика и како Министерство ќе настојуваме од овој проблем да излеземе со конкретни решенија кои ќе треба сите овие проблеми кои г-динот пратеник ги постави да се надминат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Шундовски, министер за урбанизам, градежништво и заштита на човековата средина.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Проценката на вредноста на објектите за продажба на деловниот простор ја вршат лицата во Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор, а тоа го прават исклучиво во Законот за продажба на деловниот простор, во кој јасно се утврдени три елементи: прво, градежната вредност на објектот за кој има посебна документација, формулари и по кои се постапува, во цената учествува под два уредувањето на градежното земјиште и под три бонитетот на локацијата. За сите овие елементи се изготвени правилници во Јавното претпријатие по кои се врши проценка, а проценката ја вршат вработените во Јавното претпријатие, стручњаци кои се оспособени за ваков вид на проценки.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Чапов.

III/9.-

**СЛАВЧО ЧАПОВ:**

Господине министре, јас сум задоволен од одговорот, меѓутоа, ситуацијата во општина Радовиш е: има дваесетина дуќанчиња по 20 квадрати лоцирани надвор од градот без никакви комунални услови за работење и живеење. Тие ја имаат истата цена како во центарот на градот деловниот простор. Затоа прашувам кои лица вршат оцена и дали на лице место е извршена процена на објектот или од укажувањето дека тоа е деловен простор, по таа цена ќе биде квадратот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Шундовски.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Ова е констатација, доколку постојат грешки евентуално во проценатa на објектите, може да се провери поединечно по објекти. Но сигурно не се врши проценка по укажување, се врши на лице место, а по условите пред малку ги кажав.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Иван Бојков.

**ИВАН БОЈКОВ:**

Господине претседателе, почитувани министри, почитувани колеги, ќе поставам две прашања.

Првото е до Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на човековата средина или до Министерството за стопанство, не сум сигурен кое министерство ресорно е надлежно, а се однесува на следново.

IV/1.-JM/CM

**ИВАН БОЈКОВ:** (Продолжение)

Молам да ми се одговори што е со поднесеното барање за реализација на проектот за отпочнување на населбите Железарница и Автокоманда со топлинска енергија од Рудници и Железарница - Скопје упатено до Владата. Имено во периодот од 1989 до 1994 година презмени се активности за оптимално искористување на термо - енергетските капацитети на енерганата во Рудниви и Железарница -Скопје. Активностите беа насочени кон изготвување на техничка документаиија за поврзување на енерганата со Рудници и Железарница - Скопје Топлана Исток. Во истиот период поради недостиг на финансиски средства за реализација на целиот зафат изготвена е техничка документација за фазна изведба на наведениот проект. Во тој смисол изработени се главен проект за топлицифирање на населбата Железарница и идеен проект за топлицифирање на населбата Автокоманда од енергетските капацитети на Рудници и Железарница - Скопје. Поради финансиски проблеми до изградба на овие системи од капацитетите на Рудници и Железарница до денес не е дојдено а тоа е витален проблем на населението од населбата Железара и Автокоманда. Молам, да ми се достави писмен одговор на ова прашање.

Второто прашање ми е упатено до Министерството за здравство. Имено деновите преку средствата за информирање е посветен огромен простор во врска со состојбите во акушерската клиника во скопската болница односно со кадровските промени извршени во истата.

Го молам министерот за здравство да одговори што се случува во тој одел, бидејќи навистина коментарите за тоа се најразлични.

**ИЛИЈА ФИЛИПЧЕ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, можам да Ви кажам искрено дека потајно очекував дека ќе се постави едно вакво

IV/2.-

прашање со оглед на тоа дека во средствата за јавно информирање можам да кажам дека се презентирани одредени тенденциозни и не професионални видувања . Не професионални затоа што мислам дека за она што се пишува во весниците треба да се разговара само на ниво на стручни колеги- уми и стручни состаноци. Не знам дали Вие знаете дека неодамна заврши првата фаза од надзорот на здравствената мрежа во Република Македонија. Во тој контекст и во областа на гинекологијата и акушерството по оценка на колегиумот на клиниката како и на комисиите кои што го извршија тој надзор низ целата Република едногласно е констатирано дека постои заостанување од 20 до 30 години во развојот на оваа област, област која е од витално значење за Република Македонија, за нејзината популација како и на материјален, образовен, кадровски, па јас би рекол дури и етички план. Во тој контекст во разговори во Министерството за здравство во Здравствениот совет поставена е потреба за со- времена и рационална внатрешна организација, со цел да се укажува ефикасна здравствена, научна и образована активност. Од тие причини како и во други здравствени организации како и во клиниките на Медицинскиот факултет и на Гинеколошката -акушерска клиника е поставена времена организациона шема согласно.

Прво, движењата во оваа област како цели кон европските опции.

Второ, да се остварува низ нови организациони форми.

Трето, да се искористи целиот кадровски потенцијал.

Четвртото она што мислам дека нас многу не боли, да се направи јасна разлика меѓу општествен и јавен и приватен интерес.

Бидејќи на пример таму има појави поединци да работат преку своите приватни здравствени организации во државната универзитетска клиника што јасно доведува до тензии и помеѓу самите лекари и меѓу пациентите.

IV/4.-

Од тука новата организациона шема во оваа здравствена институција не само што не ги дискредитира, туку напротив им поставува нови задачи, пред се на наставниот кадар кои се задолжени да реализираат што поскоро подем на таа клиника. Секако секој од нив и понатаму нужно ќе ги извршува дневните задачи согласно технологијата на работа која е воспоставена редот и дисциплината. Заради тоа сметам дека не се објективно изнесени промените кои таму се случија, бидејќи секој има можност да работи со пациентот преку неговото вклучување во тимот на соодветниот центар. Сега како советници тие имаат уште по нагласени конкретни задачи да ја унапредуваат поединечно делот од областа на Гинекологијата и акушерството потпирајќи се на сопственото искуство и знаење како и на преносот на истите кон помладите лекари кои се наша сегашност и иднина. Секој учител е толку голем колку зад себе остави повеќе наследници, а тие треба него да го надминат. Досега за жал, а тука беше и Гинеколошката - акушерска клиника состојбата беше обратна што би рекле : медицината, тоа сум јас. А таквата медицина, таквите јас би рекол "авторитети" ја доведоа клиниката да биде на нивото од 1960 година и со ништо практично да не се разликува од другите гинеколошки одделенија во Република Македонија. Јас би спомнал само еден пример жалосно е денеска една установа која што се вика клиника да нема ни еден случај на успешно бебе во епрувета, технологија која денес на Запад се користи и во било која приватна ординација Од тука се надевам дека ваквите позитивни зафати ќе настанат и во другите сегменти на нашиот закоравен здравствен систем. Овие зафати се дел од зацртаната стратегија на министерството и тие се во целите на вкупните реформи кои ги вршиме во здравството.

IV/5.-

**ЉУБОМИР ЧАДИКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, драги колеги пратеници, имам неколку прашања. Едното е до Министерството за внатрешни работи.

Колкав е бројот на корисниците на наркотични средства по градови, колку македонци, колку од националностите и која количина годишно се запленува. Барам писмен одговор .

Во Министерството за образование и физичка култура дали постои, ако не постои дали нешто ќе се превземе организирана настава и практични вежби во сите степени на образованието за евакуација од елементарни и катастрофални непогоди во моментот кога корисниците се наоѓаат во своите простории.

Дали има паралелки во Скопје од средна медицинска струка кои се истурени одделенија: на Средното медицинско училиште во Тетово.

До Министерството за надворешни работи, дали постои реципроцитет со Република Албанија околу визниот режим? Зошто Амбасада- та на Република Албанија не издава визи во Скопје? Зошто ние плаќаме 44 германски марки, а во нашата Амбасада во Тирана албанците плаќаат 15 германски марки.

До Министерството за труд и социјална политика, зошто доцнат исплатите на социјално загрозените?

На последните две прашања барам усмено да ми се одговори, а на другите прашања да ми се одговори писмено.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За последните две прашања, не се тука министрите. Затоа ќе Ви се даде писмен одговор.

IV/5.-

**ЉУБОМИР ЧАДИКОВСКИ:**

Моето право е да бирам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да, ама ако се тука ќе одговорат.

**МИРКО ЛАЗАРЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, господа министри, драги колеги, иако сум делимично задоволен од одговорот на министерот на веќе поставеното прашање за темата на месецот, за настаните во Гинеколошко-акушерската клиника во Скопје како врвна здравствена институција, наставно научна во нашата држава, сепак едно додатно прашање во иста смисла би го поставил на министерот Филипче со оглед што при прераспоредувањето на овие кадри кои дел од помладите повеќето биле и во странски држави на доусовршување по одредени супспецијалност направен е таков метеж да сега тие што биле за одредена супспецијалност едуцирани се префрлуваат на други делови од работниот процес на Гинеколошко - акушерската клиника, односно на работни места на кои достигаат помал ефект со што се нарушува како угледот на клиниката, така и нејзината способност да биде врвна здравствена институција.

Второ, прашањето се надоврзува и со тоа што ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Што е прашањето?

**МИРКО ЛАЗАРЕВСКИ:**

Бидејќи се промените и поместувањата извршени против Статутот на Гинеколошко - акушерската клиника и против Законот за работни

односи прашањето е до министерот, дали тој сега ќе дозволи да се вршат против статутарни промени во здравствената установа, односно Гинеколошко - акушерската клиника, бидејќи еден од 'претходните одговори беше мотивот: јас нема да дозволам.

**ИЛИЈА ФИЛИПЧЕ:**

Колку што мене ми е познато сметам дека не се работи за статутарни промени, туку за внатрешна реорганизација на клиниката, на укинување одредени одделенија, а формирање на нови , овозможување на секој еден колега да се изрази како компетентен гинеколог акушер, а не како специјалист по одредена специјалност. На тој начин сметам дека, односно можеби тоа прашање најдобро е да го упатите Вие директно до клиниката. Меѓутоа очекувам дека ваквата реформа ќе даде сигурно добри резултати.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Почитувани колеги, јас поприлично имав подготвени прашања бидејќи и так апо оваа материја ние многу ретко расправаме. На некои од нив ќе барам писмен одговор, а на некои ќе барам усмен одговор од причини што имам прашања кои скоро веќе една година ги имам поставено и на нив не е видено за сходно до ден денеска да се одговори. Па во таа смисла ќе апелирам на Владата на Република Македонија на тие прашања кои се многу практични и конкретни да се дадат одговори како што е барано.

Прво, кој е бројот на лицата, која е нивната национална структура, кои барале, а не добиле државјанство согласно член 7 точка 7 од Законот за државјанство. Кои се делата на база кои таквите лица ја загрозуваат безбедноста и одбраната на Република Македонија?

IV/7.-

Прашањето го поставувам имајќи предвид дека согласно став последен од член 7 од овој Закон на горе споменатите лица не им се дава образложението при одбивање на нивното барање за државјанство. Ова прашање го упатувам до Министерството за внатрешни работи и барам писмено да ми се одговори.

До Министерството за урбанизам, дали прегледот за нивелирање на висината на закупнината по Одлука број 02-696/3 од 27.XII.1994 година во јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија е правно заснован на таа одлука особено кога се однесува за утврдените износи за "Комуна" - Гостивар имајќи предвид дека за Гостивар овие закупнини се во просек за над 500% поголеми во однос на другите градови. Напоменувам дека на наше прашање до спомнатата фирма, значи на наше писмено барање одговорот беше дека до тие закупнини е стигнато по договорен пат, односно по пат на лицитација што од страна на здружението на самостојните стопанственици при Стопанска комора со седиште во Гостивар беше оспорено како дезинформација на база приложени факти, односно склучени договори со ова претпријатие. Барам на ова прашање дотичното министерство да ми одговори писмено. Инаку за ваше сознание еве јас тука ја имам одлуката, го имам и прегледот. Само ќе спомнам во Гостивар во прва зона износот од 700 денари по квадратен метар, додека во Битола е 135 денари. Во втора зона е 560 денари за Гостивар, за Битола е 117 денари. За трета зона е 420 денари, за Битола е 105 денари. Ќе ги спомнам и износите кои важат за Скопје, прва зона 248 денари односно 700 денари , втора зона 188 денари Скопје со 560 ден- ари Гостивар и т.н. Барам писмено да ми се одговори, бидејќи длабоко сум убеден дека оваа одлука, всушност овој преглед за нивелација на закупнините е спротивно на таа одлука која одлука јас ја

имам тука, па при одговор сигурно ќе се вклучиме во понатамошна расправа, образлагање на ова што јас го поставувам.

Понатаму имам две усмени прашања до министерот за финансии.

Дописот на Министерството за финансии под број 8/6355 о~ 26.09.1995 година адресиран до Сојузот за сметководители, финансисти, ревизори на Македонија на кој акт на Владата на Република Македонија е базиран , односно на база кои критериуми и мерила Министерството за финансии е дојден до заклучок дека спомнатата организација е стручната организација согласно член 12 од Законот за сметководство. Оставам да образлагањето за ова прашање го дадам откако ќе го слушнам образложението на г-динот министер.

И второто прашање до Министерството за финансии гласи: Дали одлуката за определување на условите и начинот на плаќање на данок на промет на производи и акцизи при увоз што ја донесе Владата на Република Македонија и која е објавена во "Службен весник на Република Македонија" број 48/95 е во согласност со член 4-а од Законот за данок на промет на производи и член 14-а од Законот за акцизи.

Исто така образложението ќе го дадам откако ќе го слушнам одговорот на г-динот министер.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Во врска со ова прашање за Сојузот на сметководствените работници ќе му дадеме на пратеникот писмен одговор. Што се однесува до второто прашање за одлуката за плаќање, ние сметаме дека таа е во согласност со наведените членови на Законот заради тоа што за нас е битно да обезбедиме плаќање на пропишаните давачки. Во овој случај примената на оваа одлука треба фактички само да се примени таму каде што е тоа технички невозможно да се изврши за големи транспорти од огромна вредност кои што трајат подолго време и тогаш практички

плаќам на самата граница на класичен начин веднаш не е можно. И за технички да се овозможи ние да речам дозволивме со банкарска гаранција заради тоа што банкарската гаранција за нас е апсолутно сигурен начин на при- бирање на средства, а тоа беше цел за донесување на соодветните прописи.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Јас не случајно образложението по овие две прашања ги оставив намерно, бидејќи сакав да го слушнам мислењето на г-динот министер, па ќе почнам од второто прашање од аспект на негација на она што г-динот министер го кажа. Имено ако добро се чита членот 4-а и членот 14-а од Законот за данок на промет и Законот за акцизи кои неодамна овој Парламент ги донесе истите гласат: при увоз на производи наменети за натамошна продажба се пресметува и плаќа данок на промет на производи во моментот на плаќање на царината и другите увозни давачки. Со одлуката што г-динот министер ја спомна со која се кажува дека наводно таа одлука била усогласена со овој Закон, односно овој член, јас ќе читам. Член 8 од таа одлука гласи: Со гаранција се обезбедува наплата на данок и камата од член 37 од Законот за данок на промет на производи и услуги и член 16 од Законот за акцизи: ако даночниот обврзник не ја намири обврската за плаќање на данок на промет во пропишаниот рок. Член 9 даночниот обврзник е должен пресметаниот данок на промет на производи, односно акцизата искажана во увозната царинска декларација , а за кое е доставена гаранција да ги плати во рок од 45 дена од денот на царинењето на увезените производи.

V/1.- РД/ЉР

**РУФИ ОСМАНИ:** (продолжение)

Се поставува прашањето кога се плаќа царината господа. Царината се плаќа веднаш кога се врши царинењето на стоката, односно во пропишан рок во три или пет дена. Согласно член 4-А и 14-А,исто и данокот на промет и акцизите треба да се платат заедно со царината. во суштина со оваа одлука се врши кршење на Законот за данокот на промет и за Законот за акцизи и се овозможува пролонгирање на рокот за плаќање на данок и акцизи за 45 дена, и да иронијата биде уште поголема ќе го читам член 2 од Одлуката на Владата која гласи:

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ова е веќе спор за пред Уставниот суд.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Значи јас сум длабоко убеден дека одлуката што г-линот министер овде ја образложи е спротивно на законот и јас сам ќе покренам барање за автентично толкување на оваа одлука пред законодавно - правната комисија, а може би и пред Уставниот суд. Ова што се однесува до ова прашање, инаку јас имав да елаборирам и -руги работи зашто во таа одлука има и други поимови кои воопшто не кореспондираат со објективноста и со рамноправните услови за стопанисување. Се бара прифатлива гаранција.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само ве молам јас сакам да ви објаснам. Ако не сте за- доволни од прашањето, меѓутоа вие отварате расправа. Расправа се отвора во друга постапка. Кога не сте задоволни од прашањето ќе барате да се отвори расправа а јас ќе го прашам Собранието да гласа дали прифаќа да се отвори расправа. Вие треба само да си дадете кратко образложение на прашањето.

V/2.-

**РУФИ ОСМАНИ:**

Знаете зошто го поставив прашањето. Го поставив зашто и други пратеници при несогласување со одговорите вие само им кажувавте. Повелете пратеници поставете други прашања, а откако ќе се отвори расправата, тек тогаш ќе ги изнесете аргументите.

Ве молам, што се однесува до ова прашаше, сега барам дополнително разбирање од ваша страна и од почитуваните министри и од почитуваните колеги, бидејќи ќе бидат малку подолг.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, не, не треба.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Не се работи за тоа, се работи за другото праша&е.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кое другото прашање.

**РУФИ ОСМАНИ:**

За сметководителите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За тоа нема сега да давате.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Сакам да го образложам господине претседателе. Ве молам, нели имам право, не го образложив.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само немојте многу опширно, да не е некој реферат. Можете да го доставите и писмено.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Не ми треба, писмено образложение од причина што пис- меното образложение на г-динот министер јас го имам во неговиот допис испратен во таа фамозна организација. И мене сосема ми е јасно каков писмен одговор ќе добијам по ова прашање. Па да не должам еве јас

накратко ќе ги изнесам ставовите, не само мои, туку и на многу други стручни организации од оваа област по основ на оваа проблематика.

Прашањето го поставив базирајќи и имајќи ги предвид следните елементи.

1. На 25-та седница на Парламентот на Македонија, расправајќи по оваа точка по Предлог на ЗПК, Парламентот го усвои следниот заклучок. (Цитирам)"Со оглед на тоа што во практикава се присутни проблеми и дилеми околу тоа што се подразбира под поимот стручна организација, Комисијата укажува на потребата од допрецизирање на оваа одредба од законот"'.' (завршен цитат) .

Јас би бил среќен кога некој од ЗПК би бил тука присутен, би излегол на говорница и правно да образложи какви правни последица има овој заклучок што овој парламент го има усвоено.

2. Во Службен весник на Република Македонија под број 40/95 е објавен правилникот за условите и критериумите за стекнување професионално звање од областа на сметководството, овластен сметководител, не на Сојузот на министерот Миљовски, туку на единствено правно регистрирана асоцијација во Македонија, т.е. комората на сметководствено финансиски работници на Република Македонија слична на другите асоцијации од ваков вид, како што се адвокатската лекарската, стоматолошката итн.

3. Сојузот за сметководители финансиски и ревизори е регистриран како правно лице, слично на многу слични организации и пред се од профитабилен карактер кои делуваат во Македонија, како што се економски правен консалтинг, економско правно биро, економист, економски центар и други слични организапии. Што значи правно де-јуре не е струковата организација што го предвидува член 12 од Законот за сметководство.

V/4.-

4. Критериумот на членство на сметководствени работници во овие асоцијации воопшто не е консултиран при вршење на избор за оваа работа.

5. Асоцијациите во кои членуваат сметководствени работници во Македонија како најповикани да го кажат своето мислење се наполно игнорирани од страна на Министерството за финансии мимо нивното често барање, за отворање дијалог по ова прашање, вклучувајќи ги тука и економските факултети во државата. Ова најсликовито е изразито на тркалезната трибина што пред некое време ја одржа весникот "Вечер" во кој аргументирано е спорен изборот на оваа организација за издавање на тие сертификати.

6. Наспроти фактот што парламентот покажа разбирање и ја пролонгира примената на член 12 на Законот за сметководство за една година, горенаведениот допис е доставен на 26.09.1995 година што значи дека е оставено само три месеци да се докрајчи оваа работа за една армија од скоро 40 илјади сметководители во Македонија.

7. Министерството и сојузот оваа работа ја имаат сватено сосема несериозно и веќе почнале да делат таканаречени времени сертификати, извршија рангирање на звањата на три степенот како сметководители, самостојни сметководители и овластен сметководител мимо законот, бидејќи член 12 познава само поимот овластен сметководител.

8. Ова чувствителна задача е отстапена на организација на чие чело експресно е наименуван Киро Соневски до пред некое време директор на управата за јавни приходи кого министерот за финансии го разреши под синтагмата на Владата на Македонија, незадоволителни резултати. Може би очекува човекот сега да се рехабилитира професионално.

**СТОЈАН АНДОВ:**

немаме ние овде да расправаме за г-динот Солевски. Личности се спомнуваат тоа не е добро. Одите на проблемот кој сакате да го кажете.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Јас мислам г-дине претседателе дека треба да имате ист став спрема сите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Имам ист став. Продолжете сега. Продолжете инаку ќе ве отстранат од говорницата. Немојте вие со мене да спорите.

**РУФИ ОСМАНИ:**

9. Паралелно со сојузот како владин избор и комората како правно легитимна асоцијација и други субјекти се спремат или веќе почнале да издаваат сертификати што може за последица да има еден голем хаос во оваа област, додека последиците ќе ги сносат правните лица, бидејќи нивните стручњаци по сметководство ќе бидат приморени изгледа да добиваат повеќе сертификати од аспект на тоа ако не го исполнуваат овој услов согласно член 12 од овој закон, нема да им биде прифатена сметководствената евиденција како валидна,. Во таков случај се знае дека казните се многу дебели.

10. Е поведена постапка и пред уставниот суд за привремено стопираше на активностите на сојузот во издавањето на времените сертификат.

И на крајот ќе завршам му препорачувам на г-динот Миљовски како актуелен министер за финансии да организира една тркалезна мас со луѓето од струката, т.е. со асоцијациите од оваа струка и заедно со нив изнаоѓаат заеднички јазик како да го разрешат ова прашање сходно на критериумите кои важат во западните земји во однос на оваа област и

2. Како министер за финансии да предложи измени и дополнување на член 12 од законот, со цел за пролонгирање на примената на овој член и утврдување на најоптимален рок за адекватно разрешување на овој проблем од причини што политиката и владејачката гарнитури се пролазни, додека звањата и струките се вечни. Очекувам од министер кој носи висока титула да не им создава дополнителни проблеми на струковите работници, ако веќе не може да им помогне.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи одговорот треба да е писмен. Само една напомена треба да се знае дека акт на Владата не може да добиваат автентично толкување од Собранието. Тоа е друг правен лек со Уставен суд, уставна постапка итн. За тие работи да не губите време непотребно.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

До Владата на Република Македонија ќе поставам четири прашања. Со Уставот на Република Македонија член 44 е речено дека секој има право на образование кое е достапно на секого под еднакви услови, како и тоа дека основното образование е задолжително. Припадниците на националностите имаат право на настава на својот јазик, во основното и средното образование. Според член 9 од Уставот (цитирам) "граѓаните на Република Македонија" се еднакви во слободите и правата, независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред уставот и законите се еднакви." Ако е тоа така, тогаш, го поставувам следното пратеничко прашање.

Кои се причините што Министерството за образование и физичка култура не дозволува на околу 230 ученици од турската националност да посетуваат настава на својот јазик во осумгодишното училиште во село Коџаџик. Имено, се работи за деца од своите села Долна Дебарска Жупа

V/7.-

кои по усмено одобрение на министерот за образование и физичка култура од 7.09.1995 година дадено на нас двајца пратеници г-дин Ќенан Хасипи и јас во присуство на двајца претставници од одборот на родителите на споменатите деца, требаше да посетуваат настава во тоа училиште.

Поставувам прашање што презема Владата за разрешување на овој проблем. Велам Владата бидејќи ова е политичко прашање и министерството не е во состојба само да го реши. Ќе дозволи ли Владата и натаму повеќе од 230 деца во овие зимски денови да мрзнат во школскиот двор. Молам, за писмен одговор.

Второ прашање, кои се причините што не се дозволува премин на транзитна роба на граничниот премин Блато кај Дебар. , ако се знае дека се работи за премин опремен со опрема и кадар како и сите останати гранични премини од нашата земја. Да додадам и тоа дека не се дозволува да премине и роба која е наменета за корисници од Букиза и Пешкопеа кои се оддалечени од овој премин 35 односно 20 км. Од преминот Кафасан тие се оддалечени 340 км. Што значи тоа, пресудете сами. Молам, за писмен одговор.

Трето прашање. Како што е познато во сообраќајот јавен и локален покрај тоа што учествуваат патнички и товарни возила учествуваат и трактори со приколки и друга приклучна механизација.

според законот за безбедност во сообраќајот сите возила што учествуваат во сообраќајот треба а се технички исправни и да бидат регистрирани при надлежниот орган на МВР.

Кога го спомнав тракторот како средство за обавување на разни земјоделски работи на земјоделските површини, сметам дека Ви е познато и дека тој како таков не може секогаш да биде во исправна состојба, особено од аспект на електроинсталации.

V/8.-

Оттаму го поставувам следното пратеничко прашање. Што презема Владата околу изготвување на измени и дополнувања на Законот за безбедност на сообраќајот и другите подзаконски акти за ослободување на тракторите и нивните приколки од секоја годишна регистрација. Регистрацијата освен што претставува технички проблем, ги подложува на големи трошоци земјоделците кои и онака од година во година се повеќе осиромашуваат. Земјоделските производители кои поседуваат трактори и приколки од нашата општина, во голема неволја се и секој ден им се поднесуваат пријави. Молам за писмен одговор.

И последното прашање со член 16 став 2 од Уставот на Република Македонија гарантирано е правото на слободно јавно информирање. Со член 48 од друга страна припадниците на националностите имаат право слободно да го изразуваат, негуваат и развиваат својот идентитет. Јавното информирање, граѓаните на Македонија го остварува преку средствата за јавно информирање, односно радиото, телевизијата и печатот, преку кој го изразуваат исто така го изразуваат и негуваат својот идентитет. Како што е познато националностите во јавното информирање го остваруваат преку програмите на МРТ со следење на втората програма на Македонската телевизија преку која се емитираат програми на националностите. Остварувањето на уставното право на граѓаните од мојата општина е доведено во прашање, од причини што од ден на ден се помалку имаат можност да ја следат втората програма на Македонската телевизија, од причина што сигналот е многу ослабен, а да не зборуваме за следење на седниците на Собранието на Република Македонија кој по 15,и 30 часот не можат да се следат поради префрлување на преносот на третата програма, ко ја поради неизградени објекти и опрема не може да се следи на ова подрачје.

Поставувам прашање. Што презема Министерството за сообраќај и врски за подобрување на сигналот на втората програма на МТВ на подрачјето на општината Дебар. По однос на ова прашање поставив

некои искажувања од експерти дека ослабениот сигнал е резултат на инсталираната блокажа на репетиторот во село Спас за спречување на следење на програмата на албанската телевизија Ако е тоа причина мислам дека со таквата практика треба да се прекине, бидејќи програмата на албанскта телевизија нормално се следи и ние правиме трошоци со трошење на голема количина на квв. на електрична енергија, а и пари за спречување за следењето на програмата на албанскта телевизија.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Три прашања имам до Министерството за образование и физичка култура и едно прашање имам до Министерството за стопанство на РМ.

На сите прашања барам писмено да ми се одговори.

Прво прашање до Министерството за образование и физичка култура. Дали ресорното министерство има увид колку наставата по предметите математика, физика, хемија, физичка и музичка култура се изведува од соодветна односно несоодветно квалификувани наставници. Прашањето се однесува за настава за албански јазик?

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ**: (продолжение)

Во кои општини поради немање на соодветен наставен кадар на албански наставен јазик учениците албанци наставата ја следат на македонски наставен јазик.

3. По наведените предмети, кои се дефицитарни, се мисли математика, физика, хемија, физичка и музичка култура дали ресорното Министерство има увид колку студенти студираат на соодветните факултети при двата универзитета во РМ од албанската популација.

Сите три прашања барам писмено да ми се одговори.

До Министерството за стопанство.

Кој е должен да врши редовно одржување, реконструкција и проширување на мрежата за напојување со електрична енергија за населените места.

Исто така, и ова да ми се одговори по писмен пат.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Почитувани пратеници, почитувани министри,

Јас би сакал да поставам неколку прашања.

Првото прашање е следното: до кога Владата мисли да ја омаловажува и деградира уставната формулација пратеничко прашање, а пред тоа и институцијата пратеник.

Образложение: сите бевме сведоци за ова што се случува со нашите прашања, а уште повеќе со одговорите кои ги добиваме на тие прашања. Најчесто тие одговори или многу каснат, што најчест случај е, или пак кога ќе дојдат одговорот е толку заматен што едноставно ние прашуваме едно, а тие ни одговараат друго. Таков пример е тоа што јас поставив прашање уште во мај месец. На едното прашање ми се одговори на 7 ноември, значи 6 месеци покасно, а на другото прашање,

VI/2.-

кое истиот ден го поставив се уште немам добиено одговор, ниту ќе добијам како што ми изгледа засега.

Второ, дали со овие прашања што се поставуваат најчесто како пратеници, покрај тоа што прашуваме ние покренуваме и иницијатива. Значи, една функција на овие прашања е да се покрене некоја иницијатива за некое прашање да се разреши. Според тоа јас како второ потпрашање на ова прашање, на кое сакам да ми се одговори е следното: да се достави Информација во која ќе стои точно по сите пратенички прашања кој досега се поставени од овој состав по колку од нив се преземени одредени акции, освен тоа што е одговорено.

Јас не би сакал многу да аргументирам на сето ова, а кога ќе дојде одговорот ќе дискутираме понатаму.

Второто прашање е следното: Кога се мисли да се почне со доследно спроведување на законите кои се носат во оваа куќа, во овој дом. Како еден најсвеж пример ќе го кажам Законот за забрана напушењето, што е донесен од овој Парламент и кој на очигледно на сите во просториите на Владата се крши. Тој е многу свеж и тазе пример, а да не спомнувам за делот на прибирањето на акцизите и даноците за кои расправавме кога се носеше ребалансот на Буџетот. Очигледно не беше случај на бројката на акцизите кои беа реализирани само со 64%. Значи и тука е нешто во големо прашање и би сакал кон- кретен одговор и на ова прашање.

Трето прашање, е следното: Што Владата презема и дали мисли да го исполни ветувањето кое го даде токму од оваа говорница во врска со патниот правец Велес - Прилеп и ветувањето кое го добивме од ресорниот министер дека во 1996 година тој патен правец ќе има апсолутен приоритет во РМ.

Образложение не е потребно.

VI/3.-

Последното прашање е следното? Кога Владата мисли да ги досисплати средствата наменети за настраданите и оштетените од земјотресот во општина Битола и другите општини во тој регион што се случи на 1 септември 1994 година.

Образложение: на својата седница и тоа 133-та седница на Владата на РМ; одржана на 3 октомври 199 4 година беше донесен заклучок со кој се одлучи да се исплати еднодневна заработувачка за пострадаbadите од земјотресот во овој регион. Повторувам, тоа беше на 3 октомври 199 4 година. Тоа стои во Заклучокот од седницата на Владата, додека во Службен весник од 8 декември 1994 година стои Одлука за користење на средства од солидарноста на РМ; Од кои се обезбедени 100 милиони денари. Значи успеавме да бидеме толку прецизни математичари, или добри работници да еднодневната заработувачка токму ја заокружиме на 100 милиони денари. Јас сепак мислам дека или големо недоразбирање, или постои нешто друго, бидејќи според согледувања добиени од средствата за статистика еднодневната заработувачка во периодот од 1 до 6 месец 1994 година изнесуваше 137 милиони денари. Додека, со одлуката која е објавена во Службен весник од 8 декември за овој регион се испратени само 100 милиони денари. Да не зборуваме за можноста за овие 137 милиони денари да се променат, бидејќи одлуката е објавена во декември, а јас ова го кажувам за првите 6 месеци од 1994 година. Значи, најмалку недостигаат 37 милиони денари, или поточно 1.400 илјади ДМ кои досега енс е исплатени според Одлуката на Владата за солидарна помош од оштетените од земјотресот.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Јас имам до министерот за сообраќај и врски, кои се однесуваат за следното.

Првото прашање е зошто досега не се опфатени во проектот за приклучување во телефонската мрежа населените места Липково, Отља, Матејче, Ропајце, Никушта, Вишнице, од карадачкиот терен на општина Куманово. Потребите се толку големи а досега никој не покрена таква иницијатива. Кој треба да покренува една ваква иницијатива бидејќи постои заинтересираност од страна на овие населени места.

Второ прашање, од кои причини досега не работат телефоните на населените места. Слупчане Оризаре, Лопате и Ваксинце. Како се случи тоа со нивните броеви да не може да се разговара ниту со Куманово.

Третото прашање, е до Министерството за развој.

Со Законот за поттикнување на развојот на стопански недоволно развиените подрачја дали се опфатени селата: Гошинце и Стрима како специфични подрачја со ридско планински статус а с.Гошнице со статусот погранична зона. Ако се опфатени дали е програмирано да се направи нешто во иднина со овие две села се со цел да се подобрат нивните сегашни катастрофални услови. Барам писмен одговор.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници и почитувани министри,

Моите две прашања се следните:

Прво, во нас. Хром во Горче Петров постои комплекс на згради, тоа се 8 згради со близу 200 до 300 станови кои се изградени по најновите современи решенија, меѓутоа проблемот на тие згради е поврзување со топлотна енергија, односно со греење. Магистралниот вод кој поминува

по ул."Партизанска" е подалеку од овие згради и сумата која треба да се инвестира за поврзување на зградите, а исто така и потстаниците е сума и плус енергетската согласност која треба да се дадат за секој приклучок е таква да тие граѓани не можат ни приближно да ја исфинансираат. Структурата на населението е таква да не можат тоа да го извинансираат. Имајќи го во предвид дека греењето преку топлификација е најекономично за нашиот град и за нашата држава сметам дека, а имајќи предвид дека топлификација користи, или потпиша спогодба за користење на средства за развој на мрежата и за други намени моето прашање е до министерот за стопанстќво, г-динот Ристо Иванов дали постои можност Министерство за стопанство во соработка со претпријатиeто за топлификација најде заедничко решение за овие згради ги изфинансира по пат на кредитирање или било каков начин кој би бил одложен или кој би бил прифатлив.

Барам на ова прашање доколку е можно да ми се одговори директно.

Второто прашање е, РМ секогаш и точно во август месец сите ние разговараме за водоснабдување, за кризата за вода. Денеска го поставувам прашањето, имајќи во вид дека многу наши населени места, па и села кои гравитираат покрај градот Скопје, како главен град на држава немаат вода ,ниту имаат шанса во догледно време во некои локални програми да го решава водоснабдувањето. Апсурдот на оваа состојба е и тоа што с. Рашче, каде што е изворот за снабдување со вода за пиење не може и нема вода за пиење.

Прашувам и прашањето е упатено до Владата. Во град Скопје вода за пиење се користи за перење на улици. Водата која е за пиење, која е изворска вода и која е со светски и европски квалитет се употребува за наводнување на огромни парковни површини. Водата Скопје се користи

за технолошки и технички процес. Ја прашувам Владата дали презема мерки и дали изготвуваа програма со која ќе ги отстрани законските препреки кои попречуваат овие населени места кои се на близина на градот Скопје и на другите градови можат да се поврзат на водоводот на Градот Скопје и на водоводите на Републиката бидејќи постои законска препрека која тоа го овозможува.

**РИСТО ИВАНОВ:**

Јас само би напоменал дека начинот на користењето на услугите на одредени јавни претпријатија се регулира директно по пат на договор помеѓу Јавното претпријатие и корисниците на услугите. Околу тоа кои се елементите, за тие што се вклучени како трошоци за изведување на такви зафати каде што би имале нови корисници постој во рамки на Јавното претпријатие и сметам дека за овој дел колку е цената за приклучување и што се зема во предвид при утврдување на цената за приклучок може по писмен пат да се одговори.

Околу второто прашање за начинот на финансирање на такви- те проекти исто така е во надлежност на Јавното претпријатие и пери- одот на отплата исто така го регулира Јавното претпријатие. Засега во рамки на Буџетот, или во рамки на поедини министри и Министерства нема барање за одредени олеснувања за да може да се зголеми бројот на корисните во делот на користење на парното греење.

**ФАИК АБДИ:**

Почитуван г-дин претседателе, дали и г-да пратеници и членови на Владата,

Бидејќи долго време немавме време за поставување на прашања, јас имам денес откуцано прашања и мислам дека се многу интересни и верувам дека ова е за Македонија:

VI/7.-

Првото прашање, до Владата е кога е електроенергетскиот биланс на РМ. Дали ги задоволува потребите на затоплувањето, работата на АД претпријатијата и другите корисници на електроенергија, мазут, нафта, нафтени деривати и др.

Второ, верувам секој од вас бил некаде на пазарот на големо. Одејќи натаму од лева страна сигурно видел една голема ширина, големо место од ф-ка Комуна до едно место каде што има магацини и производство на технолошка пареа. Тоа место е на ф-ка Комуна. Прашувам: Дали Владата има податоци за кроењето на лозата во прачки, кои што служат за горење, или директно за бриќети. Дали се знае основниот состав на тие гранчиња. Најодговорно тврдам дека тие имаат голем процент на здрава и добра целулоза од која може да се произведуваат, се разбира со износ на мал процент на букова и друга целулоза, околу 8.000 тони да се произведе натрон хартија катлајнер, теснајнер и пудинг, ф-ката Комуна има изградено односно изработено програма за оваа работа уште во 1980 година , распишано тендер, меѓународен оглас, од Западна Германија фирма јавена на кредит, отплата на кредитот по пат на извоз на производи и нето девизен ефект. Меѓутоа умре претседателот и сето тоа пропадна. Па би молел Министерството за стопанство и Министерството за развој нека поведат една акција за обновување. Само би требало една деноминација на тие динари од тогашна вредност и веројатно РМ ќе има 45.000 тони амбалажна хартија со оглед на тоа што веќе војните се при крај ќе престанат а амбалажирањето на производите е обавезно.

Трето, дали земјоделското земјиште во РМ; она што го икаме може да ги задоволи потребите од производство на жито и житни култури, месо од живина, свинско месо, телешко, говедско итн. јајца, риба, раноградинарски и градинарски култури и се што е потребно. Едно време

произведувавме афион, памук, тутун и други култури. Дали сме способни сами да се исхраневме и да произведеме онолку колку што трошиме. Се разбира, нема да се затвараме, како затворен пазар.

Четврто, дали има злоупотреби во добивањето на помош од секаков вид од странство, во вид на храна, лекарства и друго. Дали има храброст тоа да го кажам. Дали не е време Владата сама да предложи измени и дополнувања на законот за такси со што би се намалило во многу таксирањето за добивање на државјанство. 500 долари американски по член мислам дека владата треба да размисли и да го измени Законот за такси.

Повторно прашувам каде се тие 200.000 марки од Северна Рајна Весвалија.

Во врска со локалните избори кои ќе треба да се одржат, се разбира идната година прашувам дали ќе се донесе новиот закон за избор на одборници и пратеници, Законот за територијална поделба на Републиката и Законот за избирачки списоци.

VII/1.-ПЈ/МЛ

**ФАИК АБДИ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Сум добил известие дека ракописот, разглобен од III до VIII одделение на ромската граматика, читанката и букварот се при крај на печатење.

Ме информираа, исто така, дека до крајот на годината учебниците ќе бидат готови.

До министерот за образование го поставувам следното прашање: Дали ромчињата кои сакаат да учат на свој мајчин јазик на факултативна основа од второто полугодие на оваа учебна година ќе учат ромски јазик, имајќи предвид дека има 7 5 положени од 125 семинари кои што учеа семинар три месеци. Тоа значи нема проблем со наставен кадар.

И десетто, многу луѓе се без работа, тоа прашање го поставија и другите колеги, а состојбата во стопанството, приватизацијата, загубарите, односно стечаите и слично, бројот на семејствата кои имаат потреба од минимум социјална заштита нарасна. Има индиции дека доста голем број семејства се одбиени од институции- те. Прашувам зошто е ова вака.

Да ве известам дека денеска испратив еден факс до министерот за внатрешни работи, не знам дали го добил, дека во врска со прашањето што е поставено околу учењето на ромчињата на ромски јазик, некој си негов чауш таму, поголем од него изгледа се заинтересирал, бидејќи имал некој пријател во банка, овој му завршил работа, па кај некоја госпоѓа Ели Маказлиева во книгоиздателств то, па обратно итн. итн., а ја сум рекол одете интересирајте се во институциите, а тоа е Министерството за образование.

Го молам министерот да превземе итни мерки против тој човек. Наименуван е точно во факсот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господинот Кадриу.

**ЗЕКИР КАДРИУ:**

Господин претседател, господа пратеници и господа министри јас накратко само ќе поставам три прашања. Едно прашање се поставува директно до Министерството за градежништво. Второто прашање ќе биде поставено до Министерството за образование и третото прашање мислам дека се работи директно за одговор кој треба да даде Владата на Република Македонија.

Имајќи предвид дека во последно време во некои институции се поставуваат директори и јас конкретно сум заинтересиран за начинот на поставување на директор на Геодетската управа во подрачната единица Тетово. Барам одговор од министерот за урбанизам како е наименуван ректорот на Геодетска управа, подрачна единица - Тетово, со каква процедура и дали постојат критериуми на такви наименувани директори кога се знае дека изборот треба да се спроведе по пат на конкурс.

Прашувам, дали при наименувањето на директорот во Геодетската управа е почитувана институцијата и респектиран конкурсот или не.

Второто прашање, бидејќи поставив прашање пред три месеци тука се работи за еден број на ученици во општина Тетово, кои конкурирале во средно училиште Гимназија "Кирил Пејчиновиќ" - Тетово и Средно медицинско училиште "Никола Штајн" - Тетово. Уште до ден денеска немам одговор во врска со тоа, па се прашувам. Дали тие 250 ученици што полагале испит пред почетокот на школската година во град Тетово се распределени во другите средни училишта или останале и ден денеска вон школските клупи. Јас имам податоци дека еден голем број на тие ученици уште и ден денеска не се опфатени па при добивањето

на одговорот јас ќе доставам и аргументи дека на- вистина таму не се спроведува законот.

Третото прашање директно до Владата на Република Македонија, секој граѓанин што патува од град Тетово до Туристичкиот центар "Попова Шапка" знае дека поставени се четири мини централи во атарот на селата Лисец и Гајрет. Нормално дека на тие селани им беше земен еден огромен дел на тие површини и по завршувањето на работата што беше финализирана минатата година сега тие нормално функционираат, па го прашувам или надлежното министерство или Владата на Република Македонија. Бидејќи им ветиле на тие села, посебно на село Гајрет дека за компензација ќе му се направи еден културен дом и ќе му се асфалтира еден километар пат што треба да се поврзува од главниот пат што се поврзува со Попова Шапка и на 1,5 километри пат од главниот пат за село Лисец, се знае дека и ден денеска уште не се направени тие работи, па прашувам:

Дали оваа Влада има намера тие обврски да ги исполнува?

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господин Шундовски, министер за урбанизам.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

По првото прашање околу наименувањето на директорот во Геодетската управа во Тетово, можам да кажам дека прашањето не е доволно јасно. Ако станува збор за наименување, наименувањето го врши раководителот на Геодетската управа, тој е директорот кој е назначен таму. Ако станува збор за вработување, вработувањето се врши по сите логични нормални процедури за вработување во оваа држава.

Доколку е прекршена постапката за вработување, се знаат кои се инструментите и со кои методи може да се поништи тоа вработување. Зашто, јас мислам дека станува збор за наименување, а ако е за наименување тоа го назначува директорот од редот на вработените.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Повторно се јави господин Кадриу за збор.

**ЗЕКИР КАДРИУ:**

Господине министре, како што имам ја сознанија директорот е наименуван и има два месеца што ја врши оваа должност. Знаеме дека тоа досега не било по пат на конкурс, па ме интересира, конкретно за овој случај да се заинтересирате, бидејќи човекот ја врши таа должност.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Арсовски.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Јас ќе поставам неколку прашања кои се генерални за цела Република, не се од локален карактер, а имаат животен интерес. Ние ова Собрание пред неколку месеци донесовме Закон за измени и дополнувања на Законот за инвалидско и пензиско осигурување и на Законот за социјалната заштита, и во тој дел институтот посебна нега, односно туѓа нега ја реализира... ја поместивме во Законот за социјална заштита и така се реализира. Сега, во овој момент мислам дека постапката за остварување на туѓа нега е многу долга. Да ви кажам пример дека од мај заклучно со ноември се уште не е завршена постапката од надлежната Комисија за оценување на одредена способност. Граѓаните во Република Македонија таканаречени шлогирани лица не се во можност да

остварат одредено право токму заради тоа што постапката трае една година. Мислам дека прашањето до министерот, господинот Илјаз што ќе преземе соодветното Министерство за надминување на овој многу важен проблем, бидејќи се работи за итна постапка и итна туѓа нега за лица кои се наоѓаат во таква положба. Тоа е едното прашање.

Второто прашање се однесува до министерот за здравство. Општо е познато дека надомест за исплата на плата на име на боловање доцни повеќе од шест, седум па и осум месеци. Граѓаните кои треба да го примат овој надомест, се работи за лица кои се на породилно боловање и оние кои се најтешко здравствено оштетени, кои не се во можност да привредуваат, сепак по Законот за здравствена заштита им следува таков надомест. Меѓутоа, ако вака доцни шест и осум месеци што овие лица ќе имаат како материјална сатисфакција за подобрување на нивната животна егзистенција. Прашањето до министерот.

Што министерот ќе превземе на ова поле за подобрување на ова акутно прашање, кое за мене претставува многу важен проблем.

Трето прашање до министерот за труд и социјална политика. Ние донесовме социјална програма, односно Владата ја донесе, меѓу- тоа, социјалната програма многу доцни во реализацијата, во надомест на средствата. Еве, ние последно во ова време имаме исплата само за јули. Меѓутоа, практично постапката е завршена за четвртото тромесечие, односно септември и декември. Што ќе преземе Министерството за надминување на овој многу важен проблем, заради тоа што веќе утврдивме дека онаа категорија на лица која се наоѓа во положба на социјална потреба се сместени во програмата, социјалната програма и тој надомест треба да се исплаќа навреме. И, дали Министерството нешто превзема за надминување на проблемот и во наредната 1996 година.

Четврто прашање, исто така, до министерот за труд и социјална политика, се работи за во Република Македонија функционираат повеќе невладини организации, да не кажам по број, повеќе од 40 итн. Секојдневно тој број се зголемува. Дали Министерството предвидува на некој начин да се донесе соодветен закон кој ќе ги регулира односите во оваа област. Лично сметам дека има потреба од еден таков закон и покрај тоа што се невладини, меѓутоа, за одредени односи како овие организации и понатаму треба да работат.

Петтото прашање се однесува за образование и физичка култура. Тука е и министерката и мислам дека прашањето се однесува по кои критериуми Министерството за образование и физичка култура ги финансира спортските организации. Прашањето се поставува од следните причини. Во Република Македонија е конкретно потврдено дека најголемиот дел на општини практично не се финансираат од Министерството за образование и физичка култура, туку тоа го добиваат само врвни екипи кои на некој начин се во посреќа околност, се наоѓаат во оние, да не кажам, првите лиги. Така што, да не кажам, едно Валандово, една Крива Паланка, едно Кратово итн., да не ги редам, не се во можност да ги повратат реалните средства кои на индиректен начин го финансираат и спортот. Што ќе превземе Министерството за надминување на овој многу важен проблем.

Шестото прашање е што се однесува за урбанизам. Во град Куманово постои една неверојатна тензија кај граѓаните и едно сериозно незадоволство околу пренаменување на станбените објекти во деловни простории.

Дали министерот е добро информиран, не само за Куманово, туку и за другите градови во Република Македонија, бидејќи тоа е помодарство сега сите станбени објекти, кои се поставени на самата улица да се пренаменуваат за деловен простор, а скалите исто така да се

поставуваат на тротоари, што на некој начин се узурпира земјиштето од самата улица. Дали министерот ќе превземе нешто да се надмине овој проблем, или е ова проблем кој треба да се легализира.

Заради тоа што навистина овој е многу важен и акутен проблем.

Седмото прашање се однесува до министерот за земјоделство. Дали министерот ќе превземе нешто во врска со надминување на проблемот околу партиципацијата на задолжителниот дел на водокорисниците. Верувајте дека овој дел претставува еден од најсериозните проблеми не само во Куманово и во Република Македонија, заради тоа што луѓето не се незадоволни што ќе платат користење на вода, меѓутоа што ќе го платат оној воден придонес, кој да не кажам е задолжителен а дури е поголем од оној задолжителниот. Така што, мислам дека потребно е да го надминеме овој проблем, а прашањето што ќе превземе министерот за надминување на еден ваков проблем.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пауза до 16 часот.

По паузата седницата не продолжи со работа.